Врз основа на член 18, став 1, алинеја 9, член 20, став 1, алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14, 142/16 и 132/17), и член 15, став 1, алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-4006/4 од 12.09.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 38-ма седница одржана на 12.09.2018 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за измена на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија

**Член 1**

Во Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија бр.01-5988/1 од 04.12.2014 година, („Службен весник на Република Македонија" бр.180/14), во Прилогот бр.1 – Образец на Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите, во горниот лев агол на Образецот на Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите, називот на седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се менува, така што зборовите: „Булевар ВМРО бр.3", се заменуваат со зборовите: „Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија" бр.38".

Изменетиот Образец на Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите е составен дел на овој Правилник (Прилог бр.1).

**Член 2**

Во останатиот дел Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија бр.01-5988/1 од 04.12.2014 година, не се менува.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 01-4077/1**
**12.09.2018 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот на Агенцијата,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Прилог (1):
- Образец на Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузер.

**Прилог бр. 1**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр.38, 1000 Скопје**
**Република Македонија**
**Тел: +389 23 103 400**
**Факс: +389 23 103 401**
**e-mail: contact@avmu.mk**

(приемен печат на АААВМУ)

# *БАРАЊЕ[1]* *ЗА ИЗДАВАЊЕ КОПИЈА ОД СНИМКА НА ОБЈАВЕНА ИНФОРМАЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМСКИОТ СЕРВИС НА РАДИОДИФУЗЕР*

**Физичко лице** [2]

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| ЕМБГ | |
| Телефон | |
| Електронска пошта (e-mail) | |

**Правно лице**[3]

| | |
|---|---|
| Целосен назив | |
| Седиште | |
| Телефон | |
| Факс | |
| Електронска пошта (e-mail) | |

**Барам да ми се издаде копија од:**

- Снимка на информација објавена во рамките на програмскиот сервис на следниот радиодифузер:

________________________________________________________________________

[1] Согласно член 9 и 10 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија, бр.01-5988/1 од 04.12.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.180/14),
[2] Се пополнува само кога барателот е физичко лице,
[3] Се пополнува само кога барателот е правно лице

- Наслов на емисијата во која е објавена бараната информација:

  ___________________________________________________________

- Датум и време кога е објавена информацијата:

  ___________________________________________________________
  -
  ___________________________________________________________
  -

- Копијата на снимката/те е/се потребна/и за:
  ___________________________________________________________
  -

  ___________________________________________________________
  -

Барател: ______________________________

Потпис:________________________________

Датум на поднесување на барањето: ____________________________